3. V. 1989

СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
НА СОЦИЈАЛИС[ТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА]

4134 Централна правосудна књижница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр. 9

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 28 април 1989
Скопје
Број 17 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 130.000 динари. Овој број чини 500 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**213.**

Врз основа на член 95-а, од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ бр. 15/80; 26/80; 18/82; 13/86 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТОК ШТО СЕ ПЛАЌА ЗА ДРУМСКИТЕ МОТОРНИ ВОЗИЛА

Член 1

Во Одлуката за висината на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила („Службен весник на СРМ“ бр. 14/86; 10/87; 15/88 и 49/88) во член 2, став 1, во точка 1 бројот „4.500“ се заменува со бројот „13.000“, а во точка 2, бројот „700“ со бројот „1.600“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 23-869/1
26 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**214.**

Врз основа на член 6 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр. 10/85), а во врска со точка 1 од Одлуката за пропишување на мерка на непосредна контрола на цените — давање согласност на цените на определени производи и услуги („Службен весник на СРМ“ бр. 49/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИО-ДИФУЗНИТЕ ПРИЕМНИЦИ

1. Се дава согласност на Одлуката за висината на надоместокот за користење на радио-дифузните приемници број 09-2088/1 од 24 април 1989 година, на Работничкиот совет на Радио-Телевизија Скопје.

Надоместокот од став 1 на оваа точка ќе се применува од 1 мај 1989 година.

2. Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар ќе се грижи за спроведување на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-933/1
26 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**215.**

Врз основа на член 6 од Законот за општествена контрола на цените на производите и услугите („Службен весник на СРМ“ бр. 10/85), а во врска со точка 1 од Одлуката за пропишување на мерка на непосредна контрола на цените — давање согласност на определени производи и услуги („Службен весник на СРМ“ бр. 49/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ДНЕВНИТЕ ИНФОРМАТИВНО-ПОЛИТИЧКИ ВЕСНИЦИ „НОВА МАКЕДОНИЈА“, „ФЛАКА Е ВЛАЗРИМИТ“ И „БИРЛИК“

1. Се дава согласност на Одлуката за зголемување на цените на дневните информативно-политички весници, бр. 02-1-2103/1 од 10 април 1989 година на НИПРО „Нова Македонија“ — Скопје.

2. Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар ќе се грижи за спроведување на оваа одлука.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Одлуката за зголемување на цените на дневните информативно-политички весници „Нова Македонија“, „Флака е влазримит“ и „Бирлик“ („Службен весник на СРМ“, бр. 11/89).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија“.

Бр. 23-900/1
26 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**216.**

Врз основа на член 32, став 3 од Законот за системот за врски, за радиосообраќај и поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај („Службен весник на СРМ“ бр. 14/79 и 26/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ ПРЕГЛЕДИ НА РАДИОСТАНИЦИТЕ И РАДИОМЕРЕЊАТА

Член 1

Со оваа одлука се пропишува висината на надоместокот за техничките прегледи на радиостаниците и радиомерењата.

Член 2

Надоместокот за технички преглед на радиостаниците изнесува и тоа:

а) За радиостаници на РХФ и УХФ подрачје

| | |
|---|---|
| 1. до 5W (преносна) | 3.000 динари |
| 2. до 10 W (мобилна) | 4.000 динари |
| 3. до 10 W (фиксна) | 6.000 динари |
| 4. преку 10 W (фиксна и релејна) | 30.000 динари |

б) за ТВ предаватели и репетитори на ВХФ и УХФ подрачје

| | |
|---|---|
| 1. за ТВ предаватели | 360.000 динари |
| 2. за ТВ репетитори | 60.000 динари |

в) за ФМ радио-дифузни предаватели и репетитори

| | |
|---|---|
| 1. до 100 W | 30.000 динари |
| 2. преку 100 W до 1000 W | 60.000 динари |
| 3. преку 1 MW | 240.000 динари |

г) за радиостаници на КБ подрачје

| | |
|---|---|
| 1. до 500 W | 30.000 динари |
| 2. преку 500 W | 90.000 динари |

д) за радиостаници на СБ подрачје

| | |
|---|---|
| 1. до 1000 W | 60.000 динари |
| 2. преку 1 KW до 10 KW | 180.000 динари |
| 3. преку 10 KW | 270.000 динари |

ѓ) за радиостаници во насочени релејни врски 150.000 динари.

Член 3

Надоместокот за технички преглед на рачни радиостаници без атест изнесува 3.000 динари.

Член 4

Надоместокот за радиомерења изнесува 6.000 динари по работен час.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот за техничките прегледи на радиостаниците и радиомерењата („Службен весник на СРМ“ бр. 6/88).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-977/1 — Претседател
26 април 1989 година — на Извршниот совет,
Скопје — м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**217.**

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за езерската пловидба („Службен весник на СРМ“, број 8/80. 26/80, 5/82 и 45/87), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕГЛЕДИ ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТА ЗА ПЛОВИДБА НА ЧАМЦИТЕ И ПЛОВНИТЕ ИНСТАЛАЦИИ

Член 1

За вршење на прегледи заради утврдување на способноста за пловидба на чамците и пловните инсталации се плаќа надоместок и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. за чамци без сопствен погон (без мотор) | 6.000 динари |
| 2. за чамци со сопствен погон со вонбродски мотор или со вграден мотор со јачина до 14,72 KW (20 KS) | 12.000 динари |
| 3. за чамци со сопствен погон со вонбродски мотор или со вграден мотор со јачина од 14,72 KW (20 KS) до 36,80 KW (50 KS) | 18.000 динари |
| 4. за чамци со сопствен погон со вонбродски мотор или со вграден мотор со јачина над 36,80 KW (50 KS) | 30.000 динари |
| 5. за пловни инсталации | 45.000 динари |

Член 2

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот за вршење на прегледи заради утврдување способноста за пловидба на чамците и пловните инсталации („Службен весник на СРМ“, бр. 6/88).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-978/1 — Претседател
26 април 1989 година — на Извршниот совет,
Скопје — м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**218.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/87, 20/88), а во врска со точка 1.3. од Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1989 ГОДИНА

1. Делот од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година, распореден во Раздел 65, позиција 587 — Регрес на основни земјоделски производи, во износ од 1.366.450.000 динари се користи за остварување на социјално-заштитните права.

2. Средствата од точка 1 на оваа Одлука се пренесуваат на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-996/2 — Претседател
26 април 1989 година — на Извршниот совет,
Скопје — м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**219.**

Врз основа на член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СР Македонија“ бр. 43/87, 20/88), а во врска со точка 1.3 од Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 4/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ПОСЕБНАТА РЕПУБЛИЧКА СМЕТКА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО ОСНОВ НА СОЛИДАРНОСТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД

1. Од посебната републичка сметка на Социјалистичка Република Македонија по основ на солидарност за заштита на животниот стандард се издвојува износ од 93.000.000 динари за заштита на корисниците на основните права на социјалната заштита.

2. Средствата од точка 1 на оваа Одлука се пренесуваат на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, без обврска за враќање.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-996/1 — Претседател
26 април 1989 година — на Извршниот совет,
Скопје — м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**220.**

Врз основа на член 34-а, став 2 од Законот за административните такси („Службен весник на СРМ“ бр. 45/72, 30/77, 25/84, 31/84, 44/85 и 7/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ТАКСИ ЗА ДОЗВОЛИ И ЗА ВИЗИ ШТО СЕ ИЗДАВААТ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Во Одлуката за висината на таксите за дозволи и за визи што се издаваат на граничните премини („Службен весник на СРМ“ бр. 19/88, 31/88, 44/88, 2/89 и 13/89), во точка 1, потточка 2 под а) износот

„150.000", се заменува со износот „200.000", во потточка 2 под б) износот „80.000" се заменува со износот „100.000".

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 23-785/1 Претседател
26 април 1989 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

## 221.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ", бр. 50/88), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица во износ од 3.719.000.000 динари, на собранијата на следните општини:

| | |
|---|---|
| — Кичево | 472.000.000 динари |
| — Македонски Брод | 143.000.000 динари |
| — Неготино | 184.000.000 динари |
| — Крива Паланка | 300.000.000 динари |
| — Кратово | 260.000.000 динари |
| — Битола | 1.280.000.000 динари |
| — Крушево | 200.000.000 динари |
| — Прилеп | 880.000.000 динари |

2. Позајмицата од точка 1 од оваа одлука општините ќе ја вратат најдоцна до 31 јули 1989 година.

3. За користењето и враќањето на средствата ќе се склучи договор помеѓу општините и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-950/10 Претседател
26 април 1989 година на Извршниот совет,
Скопје м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

## 222.

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за заштита и користење на земјоделското земјиште („Службен весник на СРМ" бр. 7/86) и дел V од Програмата за користење на средства за заштита и користење на земјоделското земјиште за периодот од 1988 до 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 7/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ПРОГРАМА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО 1989 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува вкупниот износ на средствата за заштита и користење на земјоделското земјиште во 1989 година, како и namените, критериумите и условите за нивно користење.

II

Средствата за извршување на оваа програма се утврдуваат во вкупен износ од 2.310.000.000 динари и ќе се користат за следните намени:

| | | во милиони динари |
|---|---|---|
| 1. | Освојување на нови земјоделски површини со примена на агромелиоративни мерки | 1.340 |
| 2. | Рекултивација на порано пренаменето земјоделско земјиште | 500 |
| 3. | Откуп на земјоделско земјиште | 400 |
| 4. | Изработка на карти за разграничување на земјоделски површини за определени намени | 50 |
| 5. | Материјални трошоци за спроведување на оваа програма | 20 |

III

Со средствата од дел II, точка 1 на оваа програма, ќе се финансира учеството на спроведување на следните агромелиоративни мерки:

— исушување на мочвари, бари и оспособување на тресетишта заради организирање на земјоделско производство;

— ископачување на неродни стебла (врби, шикари и слично).

IV

Средствата од дел II точка 1 на оваа Програма ќе се користат за оспособување на земјоделско производство најмалку 1.600 хектари нова обработлива површина и тоа: до 1.200 хектари со разорување на нови земјоделски површини и со ископачување на неродни стебла и 400 хектари со исушување на мочвари, бари и оспособување на тресетишта.

За секој оспособен хектар нова обработлива површина со разорување на пасишта кои се разграничени за пренамена, рушење на меѓи и создавање комплекси и ископачување на неродни стебла до 650.000 динари и исушување на мочвари, бари и оспособување на тресетишта ќе се исплатува до 1.400.000 динари.

Земјиштето за кое се одобруваат средствата да е разграничено согласно член 23 од Законот за заштита и користење на земјоделското земјиште.

V

Средствата од дел II, точка 2 на оваа програма ќе се користат за оспособување на порано пренаменетото земјоделско земјиште во обработливо земјиште со рекултивација и тоа до 250 хектари и тоа за секој освоен хектар 2.000.000 динари.

VI

Со средствата од дел II, точка 3 на оваа програма ќе се финансира откуп на 200 хектари земјоделско земјиште кое се нуди за продажба.

За секој откупен хектар ќе се партиципира до 2.000.000 динари.

VII

Право на користење на средствата од дел II точка 1, 2 и 3 на оваа програма имаат оние работници во организациите на здружениот труд што се занимаваат со земјоделско производство, работниците и работните луѓе во земјоделските задруги и во другите самоуправни организации и заедници кои управуваат со земјоделско земјиште во општествена сопственост, кои ќе се обврзат да освојат најмалку 10 ха нова површина и истата ја преведат во култура и кои ќе освојат групирани површини со подобар бонитет на почвата, како и да ја откупат секоја понудена обработлива површина.

Право на користење на средствата од дел II точка 1 на оваа програма за освојување на нова површина со исушување на мочвари, бари и оспособување на тресетишта како и рекултивација на пренаменетото земјоделско земјиште имаат оние корисници на средства кои ќе приложат доказ од општинската геодетска управа дека катастарската парцела што е предмет на уредување не се води како обработливо земјиште и проект со инвестициона програма изработена и ревидирана од овластената проектанска организација.

Право на користење на средствата од дел II точка 1 од оваа програма за освојување на нова површина, со ископачување на неродни стебла и со разорување на нови и напуштени површини имаат оние корисници на средства кои ќе приложат програма со катастарска скица за земјоделската површина која е предмет на освојување.

Приоритет во користењето на средствата од претходниот став имаат оние корисници на средства кои со ангажирање на помалку средства ќе освојат поголеми површини и кои ќе обезбедат средства од

сопствени извори или кредитни средства од деловни банки или преку здружување.

Корисникот на средствата од дел II точка 1 и 2 од оваа програма кој сака да освојува нови земјоделски површини со подигање на долгогодишни насади, треба да презентира одлука од собранието на општината дека на тоа земјиште е предвидено подигање на долгогодишни насади.

Средствата од дел II точка 2 од оваа Програма ќе се исплатуваат под услов корисниците на средствата да приложат проект со програма за рекултивација како и доказ дека катастарската парцела што е предмет на уривање била пренаменета за неземјоделски намени пред 15 март 1986 година.

VIII

Средствата од дел II, точка 4 на оваа програма ќе се користат за исплата на трошоците за изработка на карти на катастарските општини кои извршиле разграничување на површините по намени согласно член 23 од Законот за заштита и користење на земјоделското земјиште. За изработка на една карта ќе се исплатува до 30.000 динари.

Средствата за оваа намена ќе се исплатуваат врз основа на увид од карти за разграничената површина.

IX

Средствата предвидени со оваа програма ги распределува по корисници Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство.

X

Условите и начинот на користењето на средствата предвидени во дел II точка 1, 2 и 4 од оваа програма поблиску се уредуваат со договор, што ќе се склучи помеѓу Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство и корисникот на средствата, а во точка 3 врз основа на заверен купопродажен договор.

XI

Доколку дојде до извршување на некоја мерка предвидена со оваа програма, во поголем обем, а друга биде нецелосно реализирана Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рамките на вкупно расположливите средства по оваа програма, врши соодветна пренамена по мерки.

Ако средствата предвидени со оваа програма не се искористат целосно во тековната година, ќе се пренесат и користат во наредната година.

XII

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-974/1
26 април 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**223.**

Врз основа на член 6 од Законот за републичките награди („Службен весник на СРМ" бр. 40/87) и членовите 12, 13 и 18 од Правилникот за работата на Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев", Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев", на седницата одржана на 13 април 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО 1989 ГОДИНА ЗА ОСОБЕНО ЗНАЧАЈНИ ОСТВАРУВАЊА ОД ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ВО ОБЛАСТА НА НАУКАТА

1. Д-р Радмила Угринова — Скаловска и д-р Зденка Рибарова за трудот „Радомирово евангелие" (Скопје, 1988 год.).

2. Д-р Дончо Димовски за трудовите: „Слободни векторско-вредносни групи" (Цетиње 1986 год.), „Некои услови за постоење на векторско-вредносни групи" (Скопје 1982—1983 год.), „За (3,2) — групи" Цетиње 1986 год.), „Примери на векторско-вредносни групи" (Скопје 1985 год.) и „Слободни (n + 1,n) — групи (Скопје 1988 год.).

3. Д-р Лазар Лазаров за трудот „Општествено-економскиот развој на НР Македонија 1944—1957" (Скопје, 1988 год.).

Бр. 08-437/1
17 април 1989 година
Скопје

Претседател на Одборот
проф. д-р **Љупка Хаџи-Ристова,** с. р.

Врз основа на член 35 од Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи („Службен весник на СРМ" бр. 18/87), Координациониот одбор

## ОБЈАВУВА
### планирани елементи за примена на мерилата за распоредување на чистиот доход

1. Просечниот месечен пресметан чист личен доход по работник, без средства за непосредна заедничка потрошувачка за периодот април — јуни 1989 година изнесува 1.306.700 динари.

2. Средствата за непосредна заедничка потрошувачка по работник за периодот јануари — јуни 1989 година изнесуваат 400.000 динари.

Координационен одбор
Претседавач,
**Душан Петрески,** с. р.

## СОДРЖИНА


213. Одлука за изменување на Одлуката за висината на посебниот надоместок што се плаќа за друмските моторни возила — 293
214. Одлука за давање согласност на висината на надоместокот за користење на радиодифузните приемници — — — — 293
215. Одлука за давање согласност на Одлуката за зголемување на цените на дневните информативно-политички весници „Нова Македонија", „Флака е влазримит" и „Бирлик" — — — — — — — — — 293
216. Одлука за висината на надоместокот за техничките прегледи на радиостаниците и радиомерењата — — — — — — — 293
217. Одлука за висината на надоместокот за вршење прегледи заради утврдување способноста за пловидба на чамците и пловните инсталации — — — — — — 294
218. Одлука за користење на дел од средствата на Републичкиот буџет за 1989 година 294
219. Одлука за користење на средства од посебната републичка сметка на Социјалистичка Република Македонија по основ на солидарност за заштита на животниот стандард — — — — — — — — — — 294
220. Одлука за изменување на Одлуката за висината на такси за дозволи и за визи што се издаваат на граничните премини — 295
221. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија — — 295
222. Програма за користење на средства за заштита и користење на земјоделското земјиште во 1989 година — — — — 295
223. Одлука за доделување на наградата „Гоце Делчев" во 1989 година за особено значајни остварувања од интерес за Републиката во областа на науката — — — — — 296


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**